**Кропеј Моника**
**(Љубљана, Република Словенија)**

# РАСКАЖУВАЊЕТЕ ВОЛШЕБНИ ПРИКАЗНИ ВО СЛОВЕНИЈА ДЕНЕС

*Абстракт:* Во Словенија денес луѓето раскажуваат волшебни приказни, првенствено од книгите, во текот на некои уметнички претстави како и во текот на некои празници, како на пр. Успение на пресвета Богородица. Како специјален тип на народно раскажување, волшебните приказни се зачувале само на определени места, особено по должината на границата, каде што понекогаш на прашањето дали сé уште сé сеќаваат волшебните приказни, понекогаш започнуваат да раскажуваат стории со пригодна волшебна сторија што им се случила ним.

*Клучни зборови:* Словенија, волшебни народни приказни, народно раскажување

Кога започнав да го пишувам овој краток текст за современото раскажување во Словенија, природно, веднаш помислив дека е веќе сосема тешко да се сретнат вистински волшебни приказни. Меѓутоа, има други начини на пренесување на волшебните приказни, кои сé повеќе се зголемуваат, како на пример: читање книги и прераскажување на приказните од книгите, или пак, раскажување волшебни приказни на фолклорни приредби или на празници, како што се, на пример, Вознесение на пресвета Богородица на 15 август во Ресија. Некои пресоздавачи на народната поезија (Ања Штефан, Љоба Јенче на пример) ги прераскажуваат волшебните приказни на многу сличен начин како народните песни. Им ги раскажуваат на децата во библиотеките, книжарниците, градинките, основните школи или на возрасните во текот на некои уметнички настани. Овојпат, меѓутоа, јас ќе зборувам за сегашните волшебни приказни како еден од типовите на народно раскажување. За педесеттите и шеесеттите години на XX век, кога немало ниту телевизија ниту компјутери, би можело да се рече дека тие биле сé уште составен дел од нашиот секојдневен живот, при што децата и возрасните коишто живееле на село посакувале навечер, да слушаат приказни раскажувани од нивните баби и дедовци откако ќе ги завршеле сите работи, или во текот на работењето. Можеме да заклучиме дека, денес овој обичај сé повеќе изумира. Постојат, сé уште, некои подалечни места, особено по должината на државната граница, каде што штом ќе ги прашаме постарите луѓе дали уште паметат некоја убава сказна, тие понекогаш започнуваат да раскажуваат приказни што некогаш им ги раскажувале на нивните деца или внуци; притоа, понекогаш можело да бидат и волшебни приказни. Старите приказни што денес се раскажуваат, не само што се ретки туку се и пократки. Луѓето веќе не раскажуваат долги сказни како во старите времиња, со оглед на тоа што немаат доволно време за тоа. Раскажувањето на сказни, како оние што ги забележал Милко Матичетов во Резија, не би можеле да бидат репродуцирани денес, така што дури и во "делот на волшебните приказни" од словенечката етничка територија, би можеле да се слушнат само кратки приказни за духови, ноќни и митски суштества, приказни за соништа или знаци за предвидување на идните настани. Но, и покрај инвазијата на мас-медиумите и техничките достигнувања, волшебните приказни нема да бидат заборавени, зашто модерниот свет на денешницата ги користи за да го задржи вниманието на децата.

Раскажувањето, денес претставува дел од националната култура, а словенечката култура е особено различна. Така словенечкиот човек морал да го прилагоди живеењето во крајбрежните градови по должината на Јадранското Море и во рибарските села, во камениот и суров свет на карстот, како и на алпските домаќинства на високите планини или на панонските полиња или на поетски сонливите ридови на Долењско прошарани со лозја. Освен тоа, територијата на Словенија лежи на раскрсницата помеѓу различни култури каде што културните струења се сретнуваат и заемно дејствуваат едни на други. Ако се погледне station наназад,

кон примерот на етногенезата на Словенците во минатотот, може да се утврдат многубројни етнички промени и мешања коишто ја трансформираат и збогатуваат народната култура на Словенците, а ,исто така, и традицијата на раскажувањето.

Што, всушност, се сочувало до денешни дни? Кои од прекрасните сказни на Словенците постојат до денешни дни? Можеби онаа за паштерката наградена од страна на натприродното суштество за нејзината добрина и доброто срце, додека, пак, нејзината полусестра, обидувајќи се да добие исти дарови, бидува казнета; или сказната за Кресник кој ја убива страшната змија, или приказната за разбојникот Толовај Матај, грешникот што се покајал, кој додека ги оплакува своите гревови сувите лисја повторно позеленуваат; за Ковачот кој ја затворил смртта во ковачкиот мев; за Курентот кој се искачил на месечината; за Петер Клепец - нерешителното момче кое на чудесен начин стекнало голема моќ, при што ги победил Турците во близината на Виена; за Водениот дух кој грабнал момче но не можел да го задржи во своето окружување и покрај сите играчки направени од скапоцени и светликави камења, богатства, исто како што не можел да ја запре грабнатата жена да не му помогне оставајќи ги, притоа, нејзините деца во неговиот подводен замок; потоа приказни за свети Антон кој го донел огнот од пеколот; можеби многубројните волшебни приказни за митските суштества со кучешки глави (Пасјеглавци), или за џиновите (Ајди), за крал Матијаж (Матјаж); или приказните за разбојничките замоци; или можеби, приказните за деца, како што е онаа за Мојца Покрајцуља, која метејќи го подот наоѓа паричка со којашто си купува лонец во којшто живее. Штом врнело, животните, едно по едно, доаѓале во лонецот, молејќи за засолниште, при што таа ги прибирала животните под лонецот, се додека преполнетиот лонец на крајот не пукнал. Потоа, има голем број волшебни приказни за животни, од кои онаа за Кума Лиса и невештиот тврдоглав Волк е на прво место.

Се разбира, би можело да се набројуваат и други приказни. Но што се зачувало од сето тоа богатство на преминот во новиот милениум? Судејќи според збирката насловена "Гласови" (уредник Марија Станоник), би можело да се рече: не многу. И собирачите се согласни со тоа, како што може да се види и од нивните зборови: "*Сум запишала неколку реалистички стории во долината; нив можеме да ги наречеме приказни од минатото. Старите приказни, кои заземаат место во волшебниот свет, се многу ретки. Тие се изгубиле во втората половина на минатиот век. Помногубројни се оние кон коишто луѓето претендираат дека навистина се случиле, кои, сепак, се како скапоцени камења, што го прераскажуваат го нашето постоење*" *(*Andrej Karničar, Jezerske štorije, Ljubljana 1997, str. 10)

Подоцна учителот од Порабје, Карел Крајцер, во предговорот на својата книга напишал: "*Луѓето што ми ги раскажуваа сказните - сите се мртви. Ми раскажуваа во болничка постела и во длабока старост - тогаш кога тие имаа време по тешката работа во текот на целите нивни животи. Тие ги слушале овие сказни, балади и приказни од нивните родители, баби и дедовци. Овие сказни не враќаат назад кон старите времиња кога животот бил спор, кога нашите стари сé уште имале време да седнат под сенките на јаболкниците, липите и оревите или пред нивните мали куќички навечер. Приказните се раскажувале во текот на есента, кога се кавтеле царевките или во текот на зимата кога се чепкале пердувите. Најголем број од приказните запишани во книгата се раскажани од Брганцин Гјаншек (Јанчек). Како вистински патувачки раскажувач на волшебни приказни тој пропатувал низ Америка каде што имигрирал од своето родно Порабје. Во Америка тој патувал од место до место раскажувајќи им приказни од Порабје на неговите сопатници од тој регион. (*Karel Krajczar, Kraljič pa Lejpa Vida, Ljubljana 1996, s. 9)

Антон Гричник, пак, накратко ја опишал состојбата на народното раскажувашње во Халозе на овој начин: "*Луѓето во Халозе навистина немале време за вистински волшебни приказни, иако им се случувале многу нешта*". (Anton Gričnik, Farice. Haloške folklorne pripovedi, Ljubljana 1998, s. 10).

Сега ние доживуваме вистински животни искуства, раскази кои, божем, им се случиле на раскажувачите или на некој од нивните познаници создавајќи, всушност, модерни приказни. Традиционалното наследство на овој начин се стопува со таканаречените современи приказни. Како што веќе видовме, народните волшебни приказни бавно се повеќе се губат во книгите или во уметничките настани, додека мотивите од волшебните приказни остануваат како инспирација на пародиите, вицевите и рекламите.